**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Закон за исменување и дополнување на законот за квалитет на амбиентен воздух |
| Министерство: | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Марионка Виларова |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | 31.10.2009 |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Директива за квалитет на амбиентниот воздух и емисиите во воздухот: бр. 96/62/EC, 2002/3EC, 1999/30/EC и 2000/69EC, 2001/80/EC, 2001/81/EC, 2008/50/EC |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

**<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>**

1. **Кои се главните проблеми?**

- Потребата од доусогласување на Законот за квалитет на амбиентен воздух со законодавството на ЕУ.

Проблемот може да се реши само со регулаторни мерки со изменување и дополнување на законот со то што законот ќе се доусогласи со законодавството на ЕУ.

2. **Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

   ***Опција 1:*** Не прави ништо.

   ***Опција 2:*** Донесување на Законот за измени и дополнување на Законот за квалитет на амбиентен воздух и усогласување со законодавството на ЕУ во делот за мониторинг и управување со квалитетот на воздухот.

3. **Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

   А. Субјектите во следниве категории:

- Институции и компании кои вршат мерење на квалитетот на воздухот
- Институции и компании кои вршат мерење на емисии на воздухот

Б. Органи на државната и локалната власт:

- Министерство за животна средина и просторно планирање,
- Министерство за економија,
- Министерство за здравство
- Едиците на локалната самоуправа

Ц. Јавноста:

- Граѓаните,
- НВО

## Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. **Кои информации и податоци се веќе достапни?**

   Достапни се следните податоци:

   -Во 2008 година се донесе нова рамковна директива 2008/50/ЕЦ –CAFÉ-(:Чист воздух за Европа) со која треба да се усогласи Законот за квалитет на амбиентниот воздух.

2. **Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**

   Потребни се следните податоци:

   Нема потреба од дополнителни информации

3. **Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?**

   Ќе се спроведе иницијална проценка на влијанието на регулативата.

4. **Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**

   Нема да се формира меѓуресорска група, проценката на влијанието за Законот за изменување и дополнување на законот квалитет на амбиентниот воздух ќе се прави од вработените на Министерството за животна средина и просторно планирање.